**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-686/2**
**19.03.2025 г.**
**Делчево**

**ЗАПИСНИК**
**Од одржаната Вонредна седница на Советот**
**на Општина Делчево**

Вонредната седница се одржа на 19.03.2025 г. во Мултифункционалниот центар во Спомен-домот АСНОМ со почеток во 12,00ч.
На Седницата присуствуваа сите 15 членови на Советот.
Отсутни советници немаше.
Вонредната седница ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Гоце Попов кој ги повикува советниците да оддадат почит кон жртвите од катастрофалниот пожар во клубот „Пулс“ во Кочани со едноминутно молчење.

Потоа, претседателот Попов се обрати на советниците и на јавноста и рече:

„Во овие денови на жалост, тага и болка, во мое лично име и во името на сите советници од Советот на Општина Делчево, изразувам длабоко и искрено сочувство за жртвите од катастрофалниот пожар кој однесе 59 млади животи, а над 190 лица се борат за живот.

Оваа незапаметена трагедија во нашата историја и овој траор кој го преживуваме заедно, нè обврзува, најпрво како луѓе, но и како Општина во целина, да реагираме и, на секаков можен начин, да помогнеме во ненадоместливата загуба на семејствата.

Изгубивме деца, изгубивме ученици, студенти. Изгубивме спортисти, музичари. Изгубивме професионалци. Изгибивме и наш сограѓанин кој несебично се бореше до последен здив за да им помогне на оние кои беа во неволја. Нека оваа нивна жртва и прекрасно платена цена се вреже длабоко во нашата колективна меморија и свест и секогаш да нè потсетува дека последиците од неморалните постапки и дјества може да бидат разорни и непоправливи. На сите погодени семејства потребна им е и морална, но и секаков вид поддршка. Затоа, во координација со градоначалникот, ја свикуваме оваа Вонредна седница на Советот на Општина Делчево со цел како Совет и Општина да донесеме Одлука со која ќе доделиме средства на семејствата на жртвите од пожарот во Кочани. Многу пати во минатото сме го покажале нашиот хуман и човечки пристап. Ве повикувам  и овој пат да покажеме дека сме спремни да помогнеме во рамки на нашите можности, а со тоа да покажеме дека Кочани и кочанци не се сами во оваа несреќа, истакна Попов.

Потоа, согласно со член 27 од Статутот на Општина Делчево, претседателот ги повика советниците да гласаат за оправданост на причините за свикување на Седницата без материјална расправа и без измена на Дневниот ред.

Едногласно со 15 гласа ЗА беше утврдена оправданоста за свикување на Вонредната седница.

Претседателот Попов го **предложи Дневниот ред за Вонредната седница со една точка**:

1. Предлог-одлука за доделување парична помош од Буџетот на Општина Делчево за семејствата на настраданите во пожарот во клубот „Пулс“ во Кочани.

Потоа Дневниот ред беше ставен на гласање.
Советниците едногласно со 15 гласа ЗА го усвоија Дневниот ред.

Прва точка **Предлог-одлука за доделување парична помош од Буџетот на Општина Делчево за семејствата на настраданите во пожарот во клубот „Пулс“ во Кочани.**
Образложение даде претседателот Попов кој истакна дека со оваа Предлог-одлука, Советот на Општина Делчево доделува парична помош во износ од **300.000 ден.** за семејствата на настраданите од пожарот во клубот „Пулс“ во Кочани.
Средствата од член 1 став 1 на оваа Одлука ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево за 2025 година и ќе бидат исплатени на:

- **ИМЕ: ФОНД НА СОЛИДАРНОСТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА;**

**-СМЕТКА: 300000001327966**

**-ДАНОЧЕН БРОЈ:4030984271620**

**-БАНКА: АД КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА**

Со членот 3 **с**е задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа Одлука, а со член 4, се прецизира дека Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

По образложението, претседателот отвори расправа по предлог0одлуката.

Бидејќи никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање.

**Одлука за доделување парична помош од Буџетот на Општина Делчево за семејствата на настраданите во пожарот во клубот „Пулс“ во Кочани, беше донесена ЕДНОГЛАСНО со 15 гласови ЗА.**

Со исцрпување на Дневниот ред, Вонредната седница беше завршена.

Седницата заврши во 12,15 мин.

**Записничар**
**Даниела Такева**

**Совет на Општина Делчево**
**Претседател**
**Гоце Попов**